Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-795/1

Скопје, 18. 03. 2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за јавна набавка на стоки – Набавка на дискови за проширување на капацитетот на дата сториџ со цел овозможување за складирање на податоци**

1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа: – Набавка на дискови за проширување на капацитетот на дата сториџ со цел овозможување за складирање на податоци.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на дискови за проширување на капацитетот на дата сториџ со цел овозможување за складирање на податоци.

1.2. Предметот на набавка не е деллив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 300.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 354.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 480, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**3.** Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка од мала вредност**, за


Министерство за правда на Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Digitally signed by
Bojan Marichikj
Date: 2021.03.18
11:18:52 CET

доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, но која нема да заврши со електронска аукција односно нема да се спроведе електронска аукција.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.
6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.
7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:
   - Претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - Членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

   - Заменик претседател на комисија: Ана Стојова
   - Членови: - Ратко Ајчев
     - Теута Бериша

8. Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е стоки – Набавка на

дискови за проширување на капацитетот на дата сториџ со цел овозможување за складирање на податоци.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 300.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 354.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од  редовна буџетската сметка на Министерство за правда  637, Програма 10-Администрација, Ставка 480, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Министер за правда
М-р Бојан Маричиќ

Подготвил: Марина Миновска, советник
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification